Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива
Бр.16 – 32759/1

Скопје, 17.10.2018 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

Предмет: Барање за доставување податоци и информации

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ни ги доставите следниве податоци:

1. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 30.9.2018 година (образец бр. 1);

2. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 30.9.2018 година (образец бр. 2);

3. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во третиот квартал од 2018 година, при што посебно се прикажуваат отпишаните побарувања врз основа на Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 112/2014) (образец бр. 3);

4. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во третиот квартал од 2018 година (образец бр. 4).

Ве молиме да ги доставите бараните податоци и одговорите на поставените прашања до Дирекцијата за финансиска стабилност и банкарска регулатива по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 31.10.2018 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (тел.: 3108 129) и Елена Мучева Михајловска (тел.: 3108 128).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева